Република Македонија
Влада на Република Македонија
Генерален секретаријат
Одделение за соработка со невладини организации

# И З В Е Ш Т А Ј
# ЗА СПРОВЕДЕНИТЕ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ ОД СТРАТЕГИЈАТА ЗА СОРАБОТКА НА ВЛАДАТА СО ГРАЃАНСКИОТ СЕКТОР (2012 – 2017), ВО 2015 ГОДИНА

Скопје, февруари 2016 година

# 1. Вовед

Степенот на остварување на соработката и партнерството помеѓу Владата и граѓанскиот сектор претставуваат значаен фактор во процесот на вкупните реформи во Република Македонија. Владата на Република Македонија, продолжувајќи да го валоризира придонесот на граѓанскиот сектор и неговата важна улога во развојот на општеството, поттикнувањето на плурализмот, толеранцијата и развојот на демократијата, на 16 јуни 2012 година ја усвои Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор, со Акцискиот план за спроведување 2012-2017.

Стратегијата е значаен документ во кој се содржани насоки за реформските процеси што треба да се спроведат во следните шест години и целите што треба да се постигнат во насока на промовирање, поддршка и унапредување на партнерските односи помеѓу Владата и граѓанскиот сектор (здруженија и фондации) преку мерки за зајакнување на заемната соработка. Преку оваа соработка, Владата на Република Македонија верува дека ќе придонесе кон целокупниот иден економски и социјален развој на општеството, членство во Европската унија и остварување на потребите и интересите на граѓаните и заедницата .

Стратегијата продолжува да ги негува, афирмира и промовира вредностите и принципите кои беа основа на досегашната соработка втемелена со Стратегија за соработка на Владата со граѓанскиот сектор (2007-2011), што Владата на Република Македонија ја усвои во јануари 2007 година (взаемна доверба, партнерство, независност, учество, транспарентност, одговорност), дополнети со два нови принципи: плурализам и еднакви можности и недискриминација.

Владата на Република Македонија, преку спроведувањето на мерките и активностите од Стратегијата и Акцискиот план има за цел:

- да обезбеди подобро окружување за развој на граѓанскиот сектор;
- да поттикне граѓански активизам во општествените процеси;
- да ги зајакне постојните и да создаде нови механизми на соработка;
- да им овозможи на граѓанските организации да придонесат кон процесите за економски развој, креирање на закони и политики, европска интеграција и кон развој на демократијата и задоволување на потребите на заедницата.

Стратегијата е подготвена низ транспарентен и партиципативен процес, кој вклучуваше консултации преку интернет, работни состаноци и јавни расправи. За континуирано, навремено и хармонизирано спроведување на Стратегијата се грижи Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат на Владата, согласно Планот за следење и оценка на спроведувањето на Стратегијата, што беше подготвен во декември 2012 година.

## 2. Генерален осврт на постигнатите цели од Стратегијата во текот на 2015 година

Основната цел на Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор, со Акцискиот план за спроведување 2012-2017 е промовирање, поддршка и унапредување на партнерските односи помеѓу Владата на Република Македонија и граѓанскиот сектор (здруженијата и фондациите), преку мерки за зајакнување на заемната соработка. Преку оваа Стратегија, Владата очекува да придонесе кон економски и социјален развој на општеството, вклучување на државата во Европската унија и остварување на потребите на граѓаните и заедницата за поквалитетен живот и подобра иднина.

Врз основа на анализа на состојбите во Република Македонија, потребите на Владата и граѓанскиот сектор и споредбените искуства, Стратегијата ги определи следиве области како приоритетни цели за нејзина активност во периодот 2012-2017 година.

1. Развиен и одржлив граѓански сектор
2. Учество во процесите на креирање политки, донесување закони и европска интеграција
3. Економски развој и социјална кохезија
4. Граѓански активизам и поддршка од заедницата
5. Зајакната институционална рамка и практики за соработка.

Во текот на 2015 година со цел воведување нов институционален механизам за соработка на Владата и органите на државната управа со граѓанскиот сектор, се спроведоа подготвителни активности за формирање на советодавно тело за унапредување на соработката, дијалогот и поттикнување на развојот на граѓанскиот сектор (подготвена е текст на предлог-одлука и спроведен е консултативен процес со граѓанскиот сектор).

Воспоставена е нова веб страница на Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат www.nvosorabotka.gov.mk, збогатена со нови содржини (посебен дел) со документи (закони и подзаконски акти од значење за работата на граѓанските организации); спроведување на Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор; финансиска поддршка на здруженија и фондации; предлози од граѓанскиот сектор; дел со корисни информации и обрасци за основање на здружение; дел за Комисијата за организации со статус од јавен интерес; како и база на податоци: Невладини организации, во која се содржани основни податоци за 150 здруженија и фондации во 20 сектори на дејствување, а се ажурира со пополнување на образец од страна на заинтересираните граѓански организации.

Министерството за информатичко општество и администрација продолжи со унапредување на можностите за учество на јавноста во процесот на креирање политики преку порталот е-демократија http://e-demokratija.mk и Единствениот национален електронски регистар на прописи ЕНЕР.

Секретаријатот за европски прашања редовно одржуваше средби со граѓанскиот сектор при дефинирањето на политиките поврзани со европската интеграција и искористувањето на претпристапните фондови на ЕУ, а со цел

поттикнување на поголемо учество на граѓанските организации објави отворен повик за регистрирање на заинтересираните организации за учество во дискусии и дебати во една или повеќе области од НПАА и во работата на Секторските работни групи за ИПА 2.

Министерството за труд и социјална политика реализираше повеќе активности во насока на развивање поволна рамка и услови за развој на социјалното претприемништво (подготвени се неколку анализи и текст на Предлог на закон за социјално претприемништво) и активности за поголемо вклучување на граѓанските организаци како даватели на социјални услуги (преку имплементација на активности од проектот „Унапредување на услугите за социјално вклучување“).

Преку активностите на Националниот совет за развој на волонтерството се продолжи поддршката и промоцијата на волонтерството во Република Македонија.

Во насока на зајакнување на партнерствата и институционализирање на соработката помеѓу единиците на локалната самоуправа и граѓанските организации, со поддршка на Министерството за локална самоуправа, во три плански региони (Североисточен, Пелагониски и Вардарски) се формирани Мрежи за инклузивен развој, а во сите осум плански региони се одржани консултативни состаноци за подготовка на Програмите за развој на планските региони за период од пет години.

## 3. Сумиран преглед на реализираните мерки и активности по приоритетни области

### 3. 1. Развиен и одржлив граѓански сектор

*Основните цели на оваа приоритетна област се: Унапредување на правната рамка за граѓанските организации и нејзино хармонизирано спроведување; Подобрување на условите за користење добивка стекната од дејности; Поддршка во развојот на граѓанските организации преку даночни бенефиции; Придонес кон развојот на граѓанските организации преку директна финансиска поддршка и Унапредување на процесот на доделување на средства и одговорно користење на средствата од страна на граѓанските организации. Се очекува овие цели да се реализираат преку следните клучни мерки:*

- *Следење на спроведување на Законот за здруженија и фондации и анализа на потребите од негово подобрување (Министерство за правда);*
- *Донесување на интерни акти на Комисијата за организации со статус од јавен интерес, следење на доделување на статусот, формирање и објавување електронска база на податоци (Генерален секретаријат);*
- *Анализа на спроведувањето на Законот за сметководство на непрофитните организации, Законот за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам (Министерство за финансии);*
- *Анализа на Законот за игри на среќа од аспект на европските практики (Министерството за труд и социјална политика);*

- *Измени на законот за данок на добивка со цел да се изземат граѓанските организации; измени на закони за данок на додадена вредност, персонален данок на доход (Министерство за финансии );*
- *Донесување на правно обврзувачки акт (правилник) за распределба на средства за граѓанските организации од Буџетот (Министерство за правда, Министерство за финансии и Генерален секретаријат).*

***Преземени активности во 2015 година:***

Комисијата за организации со статус од јавен интерес во периодот 2012-2015 година ги донесе сите потребни акти за успешно извршување на своите надлежности и воспостави своја веб страница, како посебен дел на веб страницата на Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија www.nvosoraboka.gov.mk, на која, покрај останатото, се објавени годишните извештаи за работа на Комисијата и Список на здруженија и фондации на кои им е доделен статус на организација од јавен интерес.

Со новиот Закон за спречување на перење на пари и финансирање на тероризам („Службен весник на РМ" бр.130/14 и 192/15), се изземени здруженијата од субјектите кои имаат обврска да ги преземаат мерките и дејствијата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам, со што се изврши усогласување на правната рамка во оваа област со меѓународните стандарди и карактеристиките на граѓанскиот сектор во Република Македонија.

Во јуни 2015 година, во рамките на проектот ТАКСО (Техничка поддршка за граѓанските организации), беше организиран работен состанок за презентација на Компаративната анализа на даночната рамка за граѓанските организации (персонален данок на доход и данок на добивка), подготвена од Здружението Конект и Центарот за даночни политики, со учество на претставници на Министерството за финансии, Управата за јавни приходи и Генералниот секретаријат-Одделение за соработка со невладини организации. Препораките од компаративната анализа ќе бидат предмет на дополнителни консултации.

Директната финансиска и институционална поддршка придонесува кон развојот на граѓанските организации и нивната одржливост. Согласно Програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2015 година, Владата на Република Македонија на 30.10.2015 година донесе Одлука за распределба на средствата од Буџетот на Република Македонија за 2015 година наменети за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации, со која беа распределени 12.000.000 денари на 40 здруженија и фондации. Исто така, на 10.11.2015 година Владата ја донесе Одлуката за распределба на средства од Буџетот на Република Македонија за 2015 година наменети за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации со цел промовирање на меѓуетничките односи, со која се изврши распределба на 10.000.000 денари од Буџетот на Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор на 29 здруженија.

На 20.11.2015 година Секторот за централно финансирање и склучување договори (ЦФЦД) на Министерството за финансии потпиша 12 договори за грант од грантовата програма од ИПА ТАИБ 2011 „Понатамошен развој и финансиска одржливост на граѓанскиот сектор“, во вкупна вредност од 1.345.949,23 евра и рок на спроведување од 14 до 18 месеци. На 18.12.2015 година Генералниот секретаријат, во соработка со ЦФЦД, организираше промотивен настан и обука за управување со грантови за претставниците на граѓанските организации добитници на грантовите.

Во текот на 2015 година Министерството за труд и социјална политика обезбеди поддршка на повеќе проекти на здруженија од областа на социјалната заштита: проект за социјална заштита на деца од улица, проект за социјална заштита – дневни центри за лица над 18 години со пречки во интелектуалниот развој, проекти за реализација на планот за воспоставување на социјални служби во заедницата за лица со попреченост во менталниот развој над 18 години во град Скопје и општина Неготино, а воедно го поддржа и функционирањето на Националните инвалидски организации.

Дел од севкупната соработка на Министерството за одбрана со граѓанскиот сектор е и обезбедувањето објекти за граѓанските организации и поддршка преку обезбедување на простор за реализација на нивните активности (најчесто Домот на АРМ, без надомест).

## 3.2. Учество во процесите на креирање политики, донесување закони и европска интеграција

*Основните цели на оваа приоритетна област се: Подобрување на условите за учество во процесот на креирање политики и донесување закони; Унапредување на процесот на информирање и консултации со граѓанскиот сектор преку промовирање на информатичко-комуникациските технологии во процесите; Зајакнување на партнерството во процесите поврзани со европските интеграции и Соработка во подготовката на извештаи до договорните тела според ратификувани меѓународни договори и вклучување во иницијативи кон кои пристапила Република Македонија. Се очекува овие цели да се реализираат преку следните клучни мерки:*

- *Следење на Кодексот на добри практики за учество на граѓанскиот сектор во процесот на креирање политики и утврдување на потребите и можностите за законско уредување на постапката за изготвување закони и консултации со засегнатите страни (Генерален секретаријат, Министерство за информатичко општество и администрација);*
- *Воспоставување модели за вклучување и избор на граѓански организации во работни групи, креирање и објавување електронска база на податоци за учество на граѓанските организации во рамките на консултативните процеси со различни министерства (Генерален секретаријат, Министерство за информатичко општество и администрација, сите министерства);*
- *Подобрување на спроведување на Законот за лобирање (Министерство за правда);*

- *Активно вклучување и консултирање на граѓанските организации при подготовка на НПАА (согласно темите) и преговарачките позиции за членство во ЕУ (Секретаријат за европски прашања);*
- *Консултации и соработка на органите на државната управа и граѓанските организации за сеопфатна подготовка на извештаите на Република Македонија за спроведување на ратификуваните меѓународни договори и континуирано исполнување на обврските на Република Македонија (Министерство за надворешни работи, Министерство за правда);*
- *Вклучување на граѓанските организации во изработка и спроведување на акциониот план согласно принципите на инцијативата Отворено Владино партнерство (Министерство за надворешни работи, Министерство за информатичко општество и администрација).*

***Преземени активности во 2015 година:***

Владата на Република Македонија на 25.08.2015 година разгледа Информација за прогресот на активностите во врска со реализацијата на проектот „Соработка на Владата со граѓанскиот сектор“, која содржи и анализа на спроведувањето на Кодексот на добри практики за учество на граѓанскиот сектор во процесот на креирање политики за периодот 2013-2015 година, подготвена врз основа на Прашалник што Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат го дистрибуираше до органите на државната управа. Информацијата е објавена на веб страната www.nvosorabotka.gov.mk во делот Спроведување на Стратегијата.

Во август 2015 година на веб страната www.nvosorabotka.gov.mk и на ЕНЕР беше објавен Повик до граѓанскиот сектор за придонес во подготвувањето на Програмата за работа на Владата на Република Македонија за 2016 година, а пристигнатите 7 иницијативи беа проследени до ресорните министерства. Иницијативите и одговорите од ресорните министерства се објавени на www.nvosorabotka.gov.mk.

Министерствата активно ги вклучуваат граѓанските организаци во работни групи за подготовка на регулативата. Таков е примерот на Министерството за труд и социјална политика при подготовка на Законот за социјално претприемништво и Правилникот за проценка на децата со попреченост, за кој се одржани и 5 регионални јавни дебати со граѓанскиот сектор.

Министерството за животна средина и просторно планирање преку организирање јавни расправи и други форми на консултации ја вклучува јавноста во процесот на изработка на предлози на закони, студии за Стратешка оценка на влијанието врз животната средина, Оценка на влијанието врз животната средина и издавање на дозволи за Интегрирано спречување и контрола на загадувањето. Граѓанските организации се вклучени и во одбележувањето на деновите од еколошкиот календар (22 април, 5 јуни, 22 септември), а во март 2015 година е одржана редовна годишна средба со здруженијата кои делуваат во областа на животната средина.

Министерството за култура соработува со граѓанскиот сектор во сите фази на изработка на законските прописи, особено во доменот на надлежност на Одделението за европски инеграции и имплементација на прописи од областа на културата и Канцеларијата на Креативна Европа.

Министерството за транспорт и врски реализираше активна соработка со асоцијациите за превоз на патници и стока во патниот сообраќај за изменување и дополнување на Законот за јавни патишта, Законот за превоз во патниот сообраќај, Правилникот за патен налог, Правилникот за посебните техничко-експлоатациони услови за возилата, Уредбата за распределба на транспортни дозволи и други правни акти, а Секторот за европска унија имаше успешна соработка со Полио Плус во реализацијата на проектот „Рехабилитација и надградба на железничката станица Скопје согласно најдобрите европски практики".

Министерството за обрана остварува активна соработка со граѓанскиот сектор со учество на конференции, работилници и сл. од областа на одбраната, унапредување на човековите права, родовата рамноправност, сајбер-безбедноста итн., а еден од најдобрите примери е организацијата и реализацијата на активности со Евроатланскиот совет на Македонија (АТА-Македонија), особено годишната конференција посветена на безбедносни прашања и на интеграцијата на Република Македонија во евроатланските структури, на која министерството е претставено на највисоко ниво.

Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор за подготовка на Извештајот за спроведување на Рамковниот договор за социјална инклузија формираше шест работни групи и беа одржани тематски консултации во кои со свои предлози и мислење учествуваа и претставници на граѓански организации.

Агенцијата за млади и спорт во соработка со Програмата за развој на Обединетите нации (UNDP) во 2015 година го водеше процесот на креирање Национална стратегија за млади 2016-2025, преку работни групи во кои беа вклучени претставници на граѓански организации и институции во 9 приоритетни области: младинско учество, младинско информирање, локална младинска работа, образование, вработување, култура, здравје, спорт и квалитет на живеење.

На 25.12.2014 година Министерството за информатичко општество и администрација го пушти во употреба новиот Единствен национален електронски регистар на прописи ЕНЕР, кој покрај новиот дизајн нуди нови современи и практични модули и тоа: Едноставна регистрација и упатства за користење на ЕНЕР; Нова систематизација на прописите согласно категоризација која се користи од Службениот весник на Република Македонија; Системско конфигуриран период на автоматска објава на коментар, со што ќе се овозможи поголема ажурност на навремено објавување на коментари; Поставување на бројчаник, односно јасно прикажување на денот и часот на завршување на процесот на консултација, со што ќе се овозможи поголема сигурност кај јавните корисници во кој временски период ќе може да ги испратат своите коментари; Воведување на нови линкови (новости – автоматско објавување на известувањето за почеток на процес на подготовка на закон, најави за јавни расправи за нацрт закони и планови за ПВР); Воспоставување на правила и услови за користење на ЕНЕР и итн. Една од најголемите придобивки од новиот ЕНЕР е неговата интеграција со мултиплатформскиот систем за

колаборација за е-Седница, со што ќе се оневозможи доставување на предлог-закони за разгледување во владина постапка, доколку претходно текстот на предлог-законот не е објавен на ЕНЕР. Во текот на 2015 година беше спроведена обука за проценка на влијанието на регулативата и употребата на ЕНЕР за 87 државни службеници.

Значајна алатка за учество на јавноста во процесот на креирање политики е и порталот е-демократија http://e-demokratija.mk, кој им овозможува на граѓаните на едноставен и лесно достапен начин да го дадат своето мислење за предлог документите на Владата (политики, стратегии, акциски планови итн), односно активно да се вклучат во процесот на донесување на одлуките, како и да доставуваат предлози за подобрување на одредени постапки. На порталот публикувани се вкупно 237 документи, а во делот форум овозможена е дебата на 157 теми. Од воспоставувањето на http://e-demokratija.mk во февруари 2012 година до јуни 2015 година евидентирани се вкупно 5020 поединечни посети на порталот.

Секретаријатот за европски прашања во текот на 2015 година континуирано организираше консултации со граѓанскиот сектор при дефинирањето на политиките поврзани со европската интеграција и искористувањето на претпристапните фондови на Европската унија. Објавен беше отворен повик за регистрирање на граѓански организации кои се заинтересирани да учествуваат во дискусии и дебати организирани од страна на Секретаријатот за една или повеќе области на НПАА, како и да учествуваат во работата на Секторските работни групи за ИПА 2. Бројот на вклучени претставници на граѓанските организации во тематските групи е 79, со можност да се зголеми. Секретаријатот одржа пет консултативни средби со граѓански организации во областа Правосудство и администрација, Фундаментални права и меѓуетнички односи, Изборни реформи, Слобода на говор и медиуми. Во насока на зголемување на видливоста на процесот на европска интеграција и подобрување на двонасочната комуникација со граѓанскиот сектор беа спроведени неколку кампањи: ЕУ Разговори – дискусија за актуелни теми од доменот на европска интеграција, 11 Март – ЕУ непоколеблив приоритет и 17 април – Еднаквост помеѓу мажите и жените. Исто така, граѓанските организации кои работат во доменот на младите се дел од проектите ЕУ во Македонија и натпреварувачкиот студентски дебатен циклус ЕУ Ѕвезди. Граѓанските организации активно учествуваат и во рамките на 8-миот ТАИБ Мониторинг комитет и Заедничкиот мониторинг комитет, одржани во јануари 2015 година, како и на 9-тиот ТАИБ Мониторинг комитет одржан на 8.07.2015 година.

Генералниот секратаријат на Владата на 21.12.2015 година организираше консултативна средба со граѓанскиот сектор за целите и приоритетите на ИПА ТАИБ 2013 грантовата програма за граѓански организации „Зголемено учество на граѓанскиот сектор во реформите поврзани со интеграцијата во ЕУ“.

Министерството за информатичко општество и администрација го координира процесот на мониторинг на имплементација на вториот Акциски план за Отворено владино партнерство за 2014-2016 година, што беше усвоен од Владата на Република Македонија на 20.05.2014 година. Во 2015 година беа изработени четири квартални информации за спроведените активности за реализација на мерките од Акцискиот план, а во септември 2015 година беше подготвен

Среднорочен извештај за самооценување, на македонски и англиски јазик и истиот беше достапен за мислења, коментари и забелешки на порталот http://e-demokratija.mk. Во вториот квартал од 2016 година се планира отпочнување на процесот на подготовка на третиот Акциски план за Отворено владино партнерство за периодот 2016-2018.

## 3.3. Економски развој и социјална кохезија

*Основните цели на оваа приоритетна област се: Развој на социјалната економија; Зголемување на обемот на вклучување на граѓанските организации во давање услуги за потребите на заедницата; Поттикнување на поддршка и придонес од граѓаните и деловниот сектор и Развивање на партнерства помеѓу јавниот сектор, граѓанските организации, и деловниот сектор за постигнување на економски и социјален развој. Се очекува овие цели да се реализираат преку следните клучни мерки:*

- *Донесување Закон за социјално претприемништво (Министерство за труд и социјална политика);*
- *Развивање модели на соработка во областа на образование, здравство, култура и др. (Министерство за образование и наука, Министерство за здравство, Министерство за култура);*
- *Измени на Законот за донации и спонзорства во јавни дејности (Министерство за правда);*
- *Промовирање на модели на три-партитни партнерства (Влада, бизнис и граѓански сектор) и поврзување со мерките од Националната агенда за општествена одговорност на претпријатијата (Министерство за економија).*

***Преземени активности во 2015 година:***

Министерството за труд и социјална политика подготви Анализа на законската рамка со три опции за развој на социјалното претприемништво, Анализа на законите кои можат да влијаат на поттикнување на социјалното претприемништво во Република Македонија, Cost benefit анализа од донесување на законот, како и текст на Предлогот на Закон за социјално претприемништво, а со цел подигнување на свеста за социјалното претприемништво кај граѓанскиот сектор во текот на 2016 година планирано е одржување на две јавни расправи по предлогот на закон. Во рамките на проектот „Унапредување на услугите за социјално вклучување", што Министерството започна да го имплементира во јули 2015 година, предвидени се активности за воведување и развој на систем за професионална рехабилитација за оспособување на лицата со инвалидност за соодветни занимања и нивно вклучување на отворениот пазар на труд, воведување на услуги за персонална асистенција за лицата со посебни потреби, како и надградба на постојниот ИТ мониторинг софтверски систем за социјални услуги „Лирикус" (воспоставената апликација и база на податоци за социјални услуги во центрите за социјална работа и установите за социјална заштита). Проектот ќе опфати развој на

предлог модели за професионална рехабилитација и персонална асистенција, дефинирање на стандарди за услугите, тестирање на предложените модели на услуги, прилагодување на правната рамка и промовирање на услугите меѓу корисниците.

Во рамките на меѓународната конференција „Оддржлив регионален и локален развој-предизвици и перспективи", организирана од Министерството за локална самоуправа, посебна сесија беше посветена на иновативните начини на испорака на локалните услуги, со акцент на социјалните партнерства, од аспект на испорака на локални услуги од страна на граѓанскиот сектор, преку законскиот механизам за делегирање на функции од локална надлежност.

Националната агенда за општествена одговорност на претпријатијата за Република Македонија (2008-2012) заврши во 2012 година и во тек се активности во Министерството за економија за изнаоѓање на финансиски средства потребни за изработка на Национална стратегија за општествена одговорност за наредниот среднорочен период.

## 3.4. Граѓански активизам и поддршка од заедницата

*Основните цели на оваа приоритетна област се: Подигнување на свеста кај младите и нивно поактивно учество во граѓанскиот сектор и Поттикнување на вклучувањето на граѓаните во граѓанскиот сектор и општествените процеси. Се очекува овие цели да се реализираат преку следните клучни мерки:*

- *Соработка со претставници од граѓанскиот сектор во спроведување на наставни предмети и активности во училиштата поврзани со темите демократија и граѓански сектор (Министерство за образование и наука);*
- *Поврзување со мерки од Стратегијата за промовирање и развој на волонтерството и поттикнување волонтерски активности на возрасни лица (Министерство за труд и социјална политика).*

***Преземени активности во 2015 година:***

Преку активностите на Националниот совет за развој на волонтерството се продолжи поддршката и промоцијата на волонтерството во Република Македонија. По повод Меѓународниот ден на волонтерството 5 декември 2015 година Националниот совет за развој на волонтерство и Министерството за труд и социјална политика организираа промотивен настан на кој беа доделени националните награди за волонтерство во четири категории: Награда за волонтер на годината, Награда за организатор на волонтерска работа, Награда за волонтерска практика и Награда за медиуми.

## 3.5 Зајакната институционална рамка и практики за соработка

*Основните цели на оваа приоритетна област се: Зајакната институционална рамка и практики за соработка; зајакнување на Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат и придонес кон континуирана и отворена дебата за потребите за развој на граѓанскиот сектор; Придонес кон подобрена размена на информации, консултации и активно партнерство; Зајакнување на механизмот за комуникација на мрежата на одговорни државни службеници за соработка со граѓанските организации; Придонес кон вмрежување на граѓанските организации на регионално ниво и Придонес кон зајакнување на партнерствата меѓу единиците на локалната самоуправа и граѓанските организации. Се очекува овие цели да се реализираат преку следните клучни мерки:*

- *Зголемување на капацитетите на Одделението за соработка со невладини организации според утврдените одговорности и анализирање на можноста за негово прераснување на ниво на сектор (Генерален секретаријат);*
- *Подобрување на веб страната www.nvosorabotka.gov.mk со информации и дата бази (Генерален секретаријат);*
- *Воведување критериуми и мандат за избор на одговорни државни службеници за соработка со граѓанските организации од министерствата и нивни заменици (членови на мрежа), градење на нивните капацитети (Генерален секретаријат);*
- *Формирање на советодавно тело за унапредување на соработката, дијалогот и поттикнување на развојот на граѓанскиот сектор составен од претставници на Владата, органите на државната управа и граѓанските организации (Генерален секретаријат );*
- *Вклучување на Република Македонија во регионалната иницијатива (Словенија, Хрватска и Црна Гора) за формирање регионална електронска база на податоци на невладини организации (www.ngo-portal.eu) (Агенција за млади и спорт).*

***Преземени активности во 2015 година:***

Во насока на зајакнување на институционалната рамка за соработка помеѓу Владата и граѓанскиот сектор, Генералниот секретаријат спроведе подготвителни активности за формирање на советодавно тело за унапредување на соработката, дијалогот и поттикнување на развојот на граѓанскиот сектор, и тоа: подготви Предлог – одлука за формирање на Совет за соработка помеѓу Владата и граѓанскиот сектор и спроведе консултативниот процес по текстот на предлог-одлуката со организирање на три консултативни средби со граѓанските организации во Штип, Битола и Скопје.

Воспоставена е нова веб страница на Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат www.nvosorabotka.gov.mk, збогатена со нови содржини (посебен дел) со документи (закони и подзаконски акти од значење

за работата на граѓанските организации); спроведување на Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор; финансиска поддршка на здруженија и фондации; предлози од граѓанскиот сектор; дел со корисни информации и обрасци за основање на здружение; дел за Комисијата за организации со статус од јавен интерес; како и база на податоци: Невладини организации, во која се содржани основни податоци за 150 здруженија и фондации во 20 сектори на дејствување, а се ажурира со пополнување на образец од страна на заинтересираните граѓански организации.

Во текот на 2015 година зголемен е бројот на вработени и зајакнати се капацитетите на Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат, преку учество на вработените на неколку обуки за градење тимови, мотивација и зголемување на продуктивност на работното место, за примена на Законот за донации и спонзорства во јавните дејности, како и на неколку консултативни средби и промотивни настани организирани од граѓански организации.

Агенцијата за млади и спорт објави база на невладини организации на сајтот mladi.ams.mk во делот наменет за невладини организации (http://mladi.ams.mk/ng-organizations), која редовно се ажурира.

Заради институционализирање на соработката со граѓанските организации, со поддршка на Министерството за локална самоуправа, во три плански региони (Североисточен, Пелагониски и Вардарски) формирани се Мрежи за инклузивен развој, во кои покрај локалната управа, со свои претставници учествуваат и граѓанскиот сектор, бизнис секторот и медиумите. Во тек е воспоставување на мрежи на инклузивен развој во сите осум плански региони. Со измена на Законот за рамномерен регионален развој се менува и начинот на управување со развојот во планските региони, така што во Советите за развој, освен градоначалниците, задолжително учествуваат и претставници на бизнис секторот, граѓанскиот сектор и високо образовни институции. Исто така, во текот на 2015 година во сите осум плански региони беа одржани консултативни состаноци со учество на локалните власти и граѓанскиот сектор, во функција на подготовка на осумте Програми за развој на планските региони за период од пет години, со што беа опфатени сите општини, а во три општини беа одржани Инфо настани за информирање на граѓанските организации и други субјекти за аплицирање на јавниот повик за прекугранична соработка Македонија- Бугарија.

## 4. Финансиски средства со кои се спроведени активностите (Буџет на Република Македонија, граѓански организации, странска помош, други донатори)

Мерките и активностите од Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор што беа спроведени во текот на 2015 година беа финансирани во рамките на одобрените буџетски средства на ресорните министерства и другите органи на државната управа или проекти финансирани од Европската унија и други донатори.

Директна финансиска поддршка на граѓанските организации е обезбедена од буџетските средства на Владата на Република Македонија во висина од 12.000.000 денари согласно Програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2015 година, 10.000.000 денари од буџетот на Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор наменети за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации со цел промовирање на меѓуетничките односи, 1.500.000 денари од буџетот на Министерството за труд и социјална политика за обезбедување на услуги и 16.000.000 денари од буџетот на истото министерство за поддршка на процесот на деинституционализација, како и 66.000.000 денари од Буџетот на Република Македонија од игри на среќа.

## 5. Препораки за понатамошно спроведување на Стратегијата и Акцискиот план, со осврт и на мислењата добиени од граѓанските организации

Навременото планирање и координацијата претставуваат основни претпоставки за успешно спроведување на мерките и активностите содржани во Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор. Афирмирањето на улогата на Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат и редовното ажурирање на веб страницата www.nvosorabotka.gov.mk ќе придонесат кон промовирање на Одделението како интерактивен извор на информации, практична и корисна алатка во соработката со граѓанскиот сектор.

## 6. Прилог: Табеларен преглед за спроведување на Стратегијата, согласно доставените известувања за реализација на активностите од Акцискиот план